# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 69 став 13 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОТ И ОБЕМОТ НА АКТИВНОСТИТЕ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ПОДДРШКА, УСЛОВИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ, ДЕФИНИРАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ, ОПШТИТЕ И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПОДДРШКАТА, ДЕТАЛЕН ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ И НАЧИНОТ И ПРАВИЛАТА ЗА ВИЗУЕЛЕН ИДЕНТИТЕТ НА АКТИВНОСТИТЕ (*) 1

## I. Општи одредби

### Член 1

Со овој правилник се пропишува видот и обемот на активностите кои се предмет на поддршка, условите за финансирање, дефинирање на корисниците, општите и посебните услови за доделување на поддршката, детален преглед на прифатливи трошоци и начинот и правилата за визуелен идентитет на активностите.

## II. Вид и обем на активностите кои се предмет на поддршката

### Член 2

(1) Активности кои се предмет на поддршка се:
- воспоставување на систем на советодавни услуги; и
- користење советодавни услуги на земјоделски стопанства.

(2) Обемот на активностите кои се предмет на поддршка од став 1 алинеја 1 на овој член се определени за период од шест години од денот на отпочнување на користење на поддршката.

## III. Услови за финансирање

### Член 3

За реализација на активностите од член 2 став 1 на овој правилник се доделуваат средства во висина до 80% од вредноста на прифатливите трошоци од член 7 на овој правилник и тоа до:
- основање на правни лица за вршење нестопанска дејност од областа на советодавни, консултативни и информативни услуги во земјоделството и шумарството најмногу 20% од планираните финансиски средства;
- достигнување на соодветни квалификации на кадровскиот потенцијал, административните и техничките капацитети за извршување на советодавни услуги најмногу 20% од планираните финансиски средства;
- технолошко и економско организирање и управување на земјоделско стопанство најмногу 10% од планираните финансиски средства;
- примена на земјоделски практики за заштита на животната средина најмногу 15% од планираните финансиски средства;
- помош при изработка на деловни планови на земјоделски стопанства најмногу 10% од планираните финансиски средства;

- помош при релаизација на мерките за земјоделска политика и политика за рурален развој најмногу 5% од планираните финансиски средства;
- помош при економско здружување на земјоделски стопанства и континуирано советување за управување и организирање за примена на заеднички производни практики и ефикасно искористување на расположливите средства за работа најмногу 15% од планираните финансиски средства; и
- запознавање на законската регулатива од областа на земјоделството најмногу 5% од планираните финансиски средства.

## IV. Дефинирање на корисници

## Член 4

(1) Корисници на поддршката за активностите од член 2 став 1 алинеја 1 на овој правилник се правни лица кои имаат доказ дека се запишани во соодветниот регистар и тоа:
- јавни институции од областа на образованието и научно-истражувачката работа за земјоделство и шумарство;
- национални здруженија на земјоделски производители и приватни сопственици на шуми и
- правни лица основани за вршење на примарна дејност од областа на советодавни услуги во земјоделството и шумарството.

(2) Корисници на поддршката за активностите од член 2 став 1 алинеја 2 на овој правилник се земјоделски стопанства кои користеле советодавни услуги од даватели на советодавни услуги евидентирани во евиденцијата на даватели на советодавни услуги.

(3) Корисниците на поддршката од став 1 алинеи 2 и 3 на овој член не треба да користат договорни услуги на редовно вработените од институциите од став 1 алинеја 1 на овој член.

## V. Општи услови за доделување на поддршката

## Член 5

(1) Општи услови за користење на поддршка на корисниците од член 4 став 1 на овој правилник се следните документи кои корисниците треба да ги достават со Барањето:
1. Доказ од Централен регистар на Република Македонија дека се регистрирани за вршење на соодветна дејност;
2. Доказ за пријавени земјоделските производни капацитети од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - подрачна единица;
3. Доказ дека не им е изречена забрана за вршење на дејност;
4. Доказ за подмирени надоместоци за користење на државно земјоделско земјиште, доколку користат државно земјиште;
5. Доказ за подмирени надоместоци за користење на пасишта во државна сопственост, доколку користат државно пасиште; и
6. Доказ дека не е корисник на финансиска поддршка од Програмите за рурален развој за ист тип на инвестиција во последните две години.

(2) Општи услови за користење на поддршка на корисници од член 4 став 2 на овој правилник се следните документи кои треба да ги достават со Барањето за:
а) Правни лица:
1. Доказ од Централен регистар на Република Македонија дека се регистрирани согласно Закон за трговски друштва или Закон за задругите и дека не се во ликвидација или стечајна постапка;
2. Доказ дека се сопственици или корисници на земјоделско земјиште и/или сопственици на сточен фонд и да ги имаат пријавено земјоделските производни капацитети со кои располагаат од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - подрачна единица;
3. Доказ дека одговорното лице во правното лице и правното лице не им е изречена забрана за вршење на дејност;
4. Доказ за подмирени надоместоци за користење на државно земјоделско земјиште, доколку користат државно земјиште;

5. Доказ за подмирени надоместоци за користење на пасишта во државна сопственост доколку користат државно пасиште; и
6. Доказ дека не е корисник на финансиска поддршка од Програмата за рурален развој за ист тип на инвестиција во последните две години.
б) Физички лица:
1. Доказ дека се регистрирани како вршители на земјоделска дејност и тоа:
- од Централен регистар на Република Македонија согласно Законот за вршење земјоделска дејност, или како Трговци поединци регистрирани согласно Законот за трговски друштва;
- од Агенцијата за пензиско инвалидско осигурување како индивидуален земјоделец согласно Законот за пензиско инвалидско осигурување; или
- од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - подрачна единица доколку не е регистриран по ниеден основ согласно закон дека е сопственик или корисник на земјоделско земјиште и/или сопственик на сточен фонд;
2. Доказ за пријавени земјоделските производни капацитети од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - подрачна единица;
3. Доказ дека не им е изречена забрана за вршење на дејност;
4. Доказ за подмирени надоместоци за користење на државно земјоделско земјиште, доколку користат државно земјиште;
5. Доказ за подмирени надоместоци за користење на пасишта во државна сопственост, доколку користат државно пасиште; и
6. Доказ дека не е корисник на финансиска поддршка од Програмата за рурален развој за ист тип на инвестиција во последните две години.

## VI. Посебни услови за доделување на поддршката

## Член 6

(1) Посебни услови за користење на поддршка на корисниците од член 4 став 1 на овој правилник кои корисниците треба да ги достават со барањето се следните документи:
- доказ дека давателот на советодавна услуга има вработено лице специјалист, магистер или доктор на науки од областа која е предмет на поддршката и
- доказ за одобрена физибилити студија од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Посебни услови за користење на поддршка на корисници од член 4 став 2 на овој правилник се за:
а) правни лица:
големината на земјоделското стопанство на корисниците треба да биде најмалку 0,2 ха обработена површина, или да одгледува најмалку пет молзни крави, 50 овци, десет молзни кози или 30 пчелни семејства; и
б) физички лица:
големината на земјоделското стопанство на корисниците треба да биде најмалку 0,1 ха обработена површина, или да одгледува најмалку една молзна крава, десет овци, две молзни кози или шест пчелни семејства.

## VII. Детален преглед на прифатливи трошоци

## Член 7

Висината на средства по вид на активности неможе да го надмине износот на поддршката по активности за:
- основање на правни лица за вршење нестопанска дејност од областа на советодавни, консултативни и информативни услуги во земјоделството и шумарството до 600 000,00 денари без вклучен ДДВ;
- достигнување на соодветни квалификации на кадровскиот потенцијал, административните и техничките капацитети за извршување на советодавни услуги до 600 000,00 денари без вклучен ДДВ;
- технолошко и економско организирање и управување на земјоделско стопанство до 70 000,00 денари без вклучен ДДВ;
- примена на земјоделски практики за заштита на животната средина до 70 000,00 денари без вклучен ДДВ;

- помош при изработка на деловни планови на земјоделски стопанства до 70 000,00 денари без вклучен ДДВ;
- помош при реализација на мерките за земјоделска политика и политика за рурален развој до 70 000,00 денари без вклучен ДДВ;
- помош при економско здружување на земјоделски стопанства и континуирано советување за управување и организирање за примена на заеднички производни практики и ефикасно искористување на расположливите средства за работа до 70 000,00 денари без вклучен ДДВ; и
- запознавање на законската регулатива од областа на земјоделството до 70 000,00 денари без вклучен ДДВ;

## VIII. Начин и правила за визуелен идентитет на активностите

## Член 8

(1) Визуелниот идентитет на активностите утврдени во член 2 од овој правилник за давање на советодавни услуги се утврдени со одредбите од Законот за образование на возрасните.

(2) Правилата кои се применуваат за активностите кои се предмет на поддршка од член 2 став 1 алинеја 1 се:
- основање на правни лица за вршење на нестопанска дејност од областа на советодавни, консултативни и информативни услуги во земјоделството, шумарството и водостопанството;
- достигнување на соодветни квалификации на кадровскиот потенцијал; и
- воспоставување на административни и технички капацитети за извршување на услугите.

(3) Правилата кои се применуваат за активностите кои се предмет на поддршка од член 2 став 1 алинеја 2 се:
- организирање на земјоделско стопанство;
- водење на деловни книги за примена на кодексот за добра земјоделска и хигиенска пракса;
- матично книговодство и сметководство на фарма;
- изработка на деловни планови;
- приспособување на носителот на земјоделско стопанство да ги користи мерките на поддршка за земјоделство и рурален развој;
- поттикнување на земјоделските стопанства да се здружуваат во здруженија, задруги или кооперативи и
- запознавање на земјоделските стопанства со постоечката легислатива од областа на земјоделството и руралниот развој.

(4) Техниките кои се применуваат за советодавни услуги за корисниците на поддршката од член 4 став 2 на овој правилник се:
- обука на фарма;
- обука по електронски пат преку интернет конекција; и
- обука на фарма и по електронски пат преку интернет конекција.

(5) Советодавните услуги треба да бидат составени од теоретски и практичен дел, од кој практичниот дел треба да биде најмалку 70% од времето на спроведување на соодветни активности.

## IX. Завршна одредба

## Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 16-8104/14
9 декември 2010 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски** , с.р.